ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 26.03.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет Биљана Тасевска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски, Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски и Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Дадено е задолжение до ова одделение, во соработка со одделението за правни и општи работи за ангажирање на лица вработени во одделението за правни и општи работи за ефикасна достава на сите генерирани решенија за даноци на имот и комунална такса за фирмарина и тоа најдоцна до крајот на месец Март 2018 година.

Дадена е информација во врска со доставата на решенијата за даноци на имот и комунална такса за фирмарина, која ја вршат комуналните редари, со осврт на динамиката на истата.

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Дадено е задолжение за дефинирање на локации на кои е предвидено просторно уредување со урбана опрема, со акцент на речното корито и на Градскиот базен заради поставување на урбана опрема и фитнес паркови и изготвување на елаборати, најдоцна до 03.04.2018 година.

Дадено е известување во врска со свлечиштето во с.Станци и мерките кои се преземаат за надминување на проблемот.

Дадена е информација во врска со потпишувањето на договор со изведувач за промена на азбестно-цементните цевки, по чие што потпишување примерок ќе биде испратен и во Општината и ќе се назначи одговорно лице кое ќе координира со активностите, односно ќе биде врската помеѓу Општината, изведувачот, Министерството и надзорот.

Дадено е задолжение за изготвување на допис до АКН со кој да се побара од страна на АКН да се изврши пренамена на земјиштето и во катастарската евиденција, а согласно ГУП и локалната урбанистичко планска документација.

Дадено е задолжение за итна санација на оштетените и изместени бекатон плочи кај MY MARKET.

Дадена е информација во врска со другите тековни активности на ниво на одделение.

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Дадена е информација во врска со подготовката на активностите околу обележувањето на пешачки премини и поставувањето на сообраќајни знаци (хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација), со задолжение за преглед на локации, набавка на боја и отпочнување со целокупната активност.

Дадена е информација во врска со слободни локации за паркинг долж улицата Св.Јоаким Осоговски на потегот од м.в.Мотел до м.в.Карпош во вкупна бројка од 345 слободни паркинг места, со задолжение да се искористат добрите практики за воведување на зонско паркирање и формирање на Сектор за паркинзи во рамките на ЈП Комуналец, со изменување на Статутот и дополнување на дејности.

Дадена е информација за динамиката на активностите поврзани со нумерацијата на објекти и поставувањето на куќни броеви, со задолжение за зголемување на екипите кои работат на терен.

Дадено е задолжение за стапување во контакт со фирмата, која што ќе инсталира нов надграден софтвер за ГИС и утврдување на термините за спроведување на потребната обука на 3 (три) лица кои ќе работат на истиот.

Дадено е задолжение за подготовка и објавување на јавен повик за спроведување на јавна набавка поврзана со решавањето на проблемот со кучињата скитници на подрачјето на Општината, а согласно со усвоената програма од страна на Советот на Општината.

Дадено е задолжение за прецизирање на проекти за водовод и канализација, нотирање на сите евентуални проблеми поврзани со истите и иницирање на соодветни постапки за пренамена на земјиште.

Дадена е информација во врска со изработката и поставувањето на автобуските постојки, со задолжение за дефинирање на количината и постапката за распишување на јавна набавка, доколку за тоа постои потреба.

Дадено е задолжение за подготовка на инфраструктурен проект за гасификација.

Дадено е задолжение за нотирање на сите недостатоци кај проектите за енергетска ефикасност со поставување на фотоволтаици во ООУ Илинден и нивно итно и неодложно надминување.

Дадено е задолжение за доставување на писмена информација до СОУ Ѓорче Петров заради поднесување на барање од нивна страна за промена на барател за легализација на спортската сала.

Дадена е информација во врска со проекти за хидротехнички работи.

Дадена е информација во врска со реализацијата на пописот на станбени објекти во соработка со Хабитат и потпишувањето на потребните договори.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Дадена е информација во врска со усогласувањето на Правилникот за систематизација со новите законски измени.

Дадена е информација во врска со постапката пред Генералниот колегиум на Владата на РМ за поднесената иницијатива за решавање на проблемот со свлечиштето на патниот правец Дурачка Река – Станци - Метоф – Дренак и предлог на мерки за превенција на истото.

**<u>Одделение за правни и општи работи</u>**

Дадена е информација во врска со распишани тендерски постапки.

Дадена е информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**<u>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија</u>**

Дадено е задолжение за подготовка на јавна набавка и поднесување на барање за тендер со спецификација од страна на ова одделение за изработка на инфраструктурен

проект за гасификација и јавна набавка за проектирање и избор на проектант за проектот за детската градинка Детелинка.

Дадена е информација во врска со подготовката и разгледувањето на потенцијалните идеи за проекти преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Бугарија и точно дефинирање на проектите.

Дадено е задолжение за аплицирање со проект преку МТСП за проширување на капацитетите на детските градинки.

Дадена е информација за подготовката на активностите поврзани со настанот за одбележување на 1-ви Април – Денот на шегата.

Дадена е информација за најавена контрола од Европската Комисија во врска со активностите од проектот со Витина.

Дадена е информација во врска со постапката за грантирање на НВО и потпишувањето на договори со НВО кои добиле грантови од Општината.

Дадена е информација за други тековни активности од делокругот на ова одделение.

**<u>Одделение за инспекциски надзор</u>**

Дадена е информација во врска со динамиката на доставата на решенија за даноци на имот и комунални такси, која што ја вршат комуналните редари вработени во ова одделение.

Дадена е информација во врска со појавени одрони во Осичка Маала и неопходноста од расчистување на теренот.

Наметната е потребата од поставување на Табла за забрането депонирање на градежен шут на проширувањето на магистралниот пат, спроти фабриката Карпош.

Дадена е информација за динамиката и ефектите од активностите за отстранување на стебла и гранки кои надвиснуваат над јавни површини и коловози и потребата од продолжување со овие активности.

**<u>ЈП Комуналец</u>**

Дадена е информација во врска со расчистување на отпад од диви депониии.

Дадена е информација во врска со потенцијални проектни идеи за кои може да се аплицира преку Програмата за управување со водите, со краен рок за аплицирање до 31.05.2018 година.

Дадена е информација во врска со расчистувањето на просторот од кој беа дислоцирани опожарените бараки и потребата од просторно уредување на истиот.

Дадена е информација во врска со други тековни активности кои произлегуваат од делокругот на ова претпријатие.

**ЛУ Градски Музеј**

Дадена е информација во врска со подготовката и динамиката за оранизирање на активностите по повод Денот на шегата – 1-ви Април, Меѓународниот ден на Ромите – 8-ми Април и Велигден, предвидени со програмата за култура.

Дадено е задолжение за подготовка на документите за пререгистрација на Фондацијата за развој на информатички технологии – Информатички центар Крива Паланка во Фондација „Со срце за Крива Паланка" - Крива Паланка.

Дадена е информација во врска со други тековни активности.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**26.03.2018 година, Крива Паланка**